**20121363363**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КУЛТУРАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за културата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 31 октомври 2012 година.

Бр. 07- 4528/1
31 октомври 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КУЛТУРАТА

Член 1

Во Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ број 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11 и 51/11), во членот 11-б став (5) зборовите: „одлучува министерот за култура“ се заменуваат со зборовите: „министерот за култура, во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (4) на овој член, донесува решение“.

По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Против решението од ставот (5) на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.“

Ставот (6) станува став (7).

Член 2

Во членот 16 по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Министерот за култура по предлогот од ставот (3) на овој член во рок од 15 дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Македонија, донесува решение.

(5) Против решението од ставот (4) на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.“

Член 3

Членот 23 се брише.

Член 4

Членот 41 се брише.

Член 5

Во членот 67 по ставот (2) се додаваат три нови става (3), (4) и (5), кои гласат:

„(3) Во рок од 15 дена од денот на донесувањето на годишната програма министерот за култура донесува решение по барањата на учесниците на јавниот конкурс за остварување на правото за учество во финансирање на проекти што се од национален интерес.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(5) Жалбата не го одлага извршувањето.“

Член 6

Постапките за утврдување на правото на месечен паричен надоместок од членот 11-б, за доделување на месечни надоместоци од членот 16 и постапката за донесување на годишната програма од членот 67 од овој закон, започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат според овој закон.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.